Врз основа на член 57 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 35/08) Ректорската управа на **Првиот приватен универзитет - ФОН,** распишува:

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на втор циклус студии**
**во академската 2010/2011 година**

## СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

Во четврта година на специјалистички студии во академската 2010/2011 година можат да се запишат студенти на следните факултети и насоки:

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**, на насоките:
  - Правосудни студии
  - Деловно право
  - Европско право
- **ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ,** на насоките:
  - Маркетинг менаџмент
  - Финансиски менаџмент
  - Банкарски менаџмент
- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ, ДИПЛОМАТИЈА И НОВИНАРСТВО**, на насоките:
  - Дипломатија и меѓународна политика
  - Јавна политика и управување
- **ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И БЕЗБЕДНОСТ**
- **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

Специјалистичките студии траат една студиска година (два семестри). По одбраната на специјалистичкиот труд, студентите се стекнуваат со звање специјалист во соодветната област.

На специјалистички студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус (додипломски студии) со стекнати 180 ЕКТС кредити.

На специјалистички студии може да се запише и лице кои завршило соодветно високо образование од прв циклус, со стекнати 180 ЕКТС кредити, надвор од Р. Македонија. Странски државјани се запишуваат на студиите под истите услови како и државјаните на Р. Македонија.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Во петта година на магистерски студии во академската 2010/2011 година можат да се запишат студенти на следните факултети и насоки:

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ,** на насоките:
  - Правосудни студии
  - Деловно право
- **ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ,** на насоките:
  - Маркетинг менаџмент
  - Финансиски менаџмент
  - Банкарски менаџмент
- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ, ДИПЛОМАТИЈА И НОВИНАРСТВО,** насока Дипломатија и меѓународна политика

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ**, на:
  - **Катедра за англиски јазик**:
    - Последипломски студии по применета лингвистика
    - Последипломски студии по странски јазици во меѓународна трговија
  - **Катедра за ориентални јазици**
    - Наука за турски јазик
  - **ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И БЕЗБЕДНОСТ**
  - **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАЦИСКО - КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

Магистерските студии траат една студиска година (два семестри). По одбраната на магистерскиот труд, студентите се стекнуваат со звање магистер во соодветната област.

На магистерски студии може да се запише лице кое завршило соодветни или сродни студиски програми со стекнати 240 ЕКТС кредити.

На студии може да се запише и лице кое има стекнато VII/1 степен од завршени додипломски студии пред воведување на ЕКТС системот на студирање.

На магистерски студии може да се запишат и лица кои завршиле образование со стекнати 240 ЕКТС кредити надвор од Р. Македонија. Странски државјани се запишуваат на студиите под истите услови како и државјаните на Р. Македонија.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИИТЕ

Школарината за една студиска година изнесува 2.000 евра и може да се уплатува на еден од следните начини:

- уплата на 500 евра на име депозит, при конкурирањето за упис, додека остатокот во износ од 1.500 евра може да се плати во готово или на еднакви месечни рати од по 150 евра, заклучно со јуни 2011 година;
- уплата на школарината на десет еднакви месечни рати од по 200 евра, заклучно со јуни 2011 година;
- уплата на целосниот износ на школарина во готово (со право на попуст во висина од 10% од школарината, доколку уплатата се изврши најдоцна до 30 јули 2010);
- уплата на целосниот износ на школарина во готово (со право на попуст во висина од 5% од школарината, доколку уплатата се изврши најдоцна до 10 октомври 2010).

Уписниот рок започнува од денот на распишување на конкурсот и трае до почеток на наставата, 17.09.2010 година.

При пријавување за упис потребна е следната документација:

- Пријавен лист
- Уверение за завршен прв циклус на студии;
- Извод од матична книга на родени, и
- Уверение за државјанство.

Сите документи се доставуваат во оригинал, секој работен ден и Сабота од 08.00 до 20.00 часот.


**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН**

**Скопје, бул. Војводина б.б., тел. 02/2 44 55 55/2 44 55 05/2 44 55 01**

**Струга, ул. ЈНА б.б., тел. 046/78 50 45/78 50 00**

**Гостивар, ул. Борис Кидрич бр. 8, тел. 042/55 05 95**

**Струмица, ул. Елка Јанева б.б., тел. 034/32 02 50**

**www.fon.edu.mk**

**info@fon.edu.mk**